Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 27 став 5 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 101/25, 40/25, 127/25, 134/26 и 212/26) Градоначалникот на општина Виница, објавува

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 11-479/4
30 10 2026 год
ВИНИЦА

С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира Јавна презентација и Јавна анкета на нацрт- **Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул. "Љупчо Сантов", ул. "Стив Наумов", ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул. "Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница**

Предмет на изработка на **Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул. "Љупчо Сантов", ул. "Стив Наумов", ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул. "Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница**

Планската документација е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 101/25, 40/25, 127/25, 134/26 и 212/26) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

Границата на планскиот опфат на овој детален урбанистички план го опфаќа северниот дел од град Виница, со вкупна површина на планскиот опфат од 0.78 ha. Планскиот период на предметниот **Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул. "Љупчо Сантов", ул. "Стив Наумов", ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул. "Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница** е 2026 -2031 во склад со одредбите на Член 22 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 101/25, 40/25, 127/25, 143/26 и 212/26)
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 0.78 ха.

Основна цел изработувањето и донесувањето на **Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул. "Љупчо Сантов", ул. "Стив Наумов", ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул. "Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница** е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со ГУП на Град Виница (2012-2022), бидејќи важечкиот план е донесен пред донесување на Генералниот урбанистички план .

Со новиот детален урбанистички план ќе се изврши и усогласување со соседните планови кои се во важност, каде што новите планирани градби ќе биде во хармонија со околните планирани градби, со усогласени габарити кои нема да ја нарушат визуелната перцепција кон Градското јадро.

Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

- Предметниот опфат е со површина од **0.78 ха.**
- Вкупна изградена површина е **5451 м².**
- Процентот на изграденост е **23%**
- Коефициентот на искористеност е 0.**7**

Деталниот урбанистички план за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.
Во планскиот опфат предвидени се следните класи на намени:
А – ДОМУВАЊЕ
А1 – Домување станбени во куќи
Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Нацрт –планот ќе биде изложен на:

- Излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница, како и околу подрачјето на планскиот опфат.
- Времето на излагање на планот ќе трае 32 работни дена со почеток од **16.11.2026** год. до **17.12.2026 год**. Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Јавната презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден **25.11.2026 година** со почеток во 12:00 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Митко Костадинвоски
